# У П А Т С Т В О

## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ИЗРАБОТКА И ЈАВНА ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ СПОРЕД ЕКТС НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

***Согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола***

***Ноември,2013***

# СОДРЖИНА

I. Услови за пријавување магистерски труд ....................................................................2

II. Постапка за подобност на темата за изработка на магистерски труд и определување ментор.........................................................................3

III. Подготовка на магистерскиот труд.........................................................................5

IV. Постапка за оценка на магистерскиот труд...............................................................7

V. Технички правила за подготовка на пријава за изработка на магистерски труд и на магистерскиот труд...............................................................11

VI. Дисциплинска одговорност за плагијаторство.........................................................15

Анекс 1 – Образец за пријавување на магистерскиот труд...........................................16

Анекс 2 – Извештај за подобност на кандидатот и темата за изработка на на магистерскиот труд.........................................................................17

Анекс 3 – Барање за определување ментор за изработка на магистерски труд.........................................................................................19

Анекс 4 – Насловна страна.........................................................................................20

Анекс 5 - Комисија за одбрана на магистерски труд..................................................... 21

Анекс 6 – Барање за формирање на Комисија за оценка на магистерски труд............22

Анекс 7 - Изјава.........................................................................................................23

Анекс 8 - Извештај за оценка на магистерски труд.....................................................24

# УПАТСТВО

## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ИЗРАБОТКА И ЈАВНА ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ СПОРЕД ЕКТС НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

Со ова упатство се утврдуваат условите, постапката и начинот на пријавување, изработка и јавна одбрана на магистерски труд на втор циклус универзитетски студии на Технолошко-технички факултет Велес, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

## I. УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ МАГИСТЕРСКИ ТРУД

- Пријава за изработка на магистерски труд можат да поднесат само студенти кои положиле најмалку две третини од вкупниот број предмети и се стекнале со најмалку 50% од вкупниот број кредити предвидени со студиската програма на која се запишани.
- Студентот избира тема за магистерски труд во консултација со професор од областа во која припаѓа темата која ја избрал (или со професор по предметот каде припаѓа темата).
- Пријавувањето на магистерскиот труд се врши на посебен образец (***Анекс 1***).
- Пријавата треба да содржи: биографски податоци, наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа и преглед на литература од соодветната област од која се гледа оправданост и актуелност на темата, како и извори на финасирање на темата.
- Пријавата за изработка на магистерски труд содржи:

    1. **Биографските податоци** за студентот

**2. Предлог наслов на магистерскиот труд**

**3. Образложение за научната и стручната оправданост на темата со цели на истражување**

**4. План за работа**

**4.1. Материјал и методи на истражување**

**4.2. Очекувани резултати**

**5. Преглед на литература од соодветната област од која се гледа оправданост и актуелност на темата**

**6. Извори на финансирање на темата**

Пријавата за изработка на магистерски труд, студентот ја поднесува во електронска форма и отпечатена на хартија во три примероци до Наставничкиот совет на втор циклус на студии на факултетот (еден примерок за архивата на Факултетот, еден примерок за досието на студентот и еден примерок за секретарот на вториот циклус студии). По архивирањето еден примерок од пријавата се проследува до раководителот и секретарот на вториот циклус студии и се доставува до Наставничкиот совет.

- Пријавата за изработка на магистерскиот труд како дел од материјалот од дневниот ред на Наставничкиот совет се доставува во електронска форма (по e-mail) до членовите на советот.

## II. ПОСТАПКА ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕНТОР

- Подобноста на темата за изработка на магистерски труд ја оценува Комисија за подобност составена од 3 (три) члена која што, по предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии, ја формира Наставно-научниот совет на Факултетот.

- Комисијата е должна, во рок од 30 (триесет) дена од формирањето, да достави Извештај за подобноста на темата за изработка на магистерски труд до Наставничкиот совет за втор циклус студии кој што утврдува предлог и го проследува до Наставно-научниот совет на Факултетот (***Анекс 2***).
- Извештајот за подобноста на темата за изработка на магистерски труд како дел од материјалот од дневниот ред на Наставничкиот совет се доставува во електронска форма (по e-mail) до членовите на советот.
- Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на Извештајот на Комисијата донесува одлука за прифаќање на насловот на темата.
- Насловот на прифатениот труд се објавува во Билтенот на Универзитетот.
- По прифаќањето на насловот на темата за изработка на магистерскиот труд, кандидатот поднесува барање до Наставничкиот совет за втор циклус студии за определување ментор ( ***Анекс 3*** ).
- Предлогот на Наставничкиот совет за втор циклус студии се проследува до Наставно-научниот совет на Факултетот кој што донесува одлука за определување ментор за изработка на магистерски труд.
- Одлуката по барањето за определување на ментор се донесува најдоцна во рок од 60 (шеесет) дена.
- Менторот се определува од редот на наставно-научните работници од област од која што е пријавен трудот или според предметната припадност на темата.
- Менторот е член на Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд.

## III. ПОДГОТОВКА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

- Магистерскиот труд е резултат на самостојната работа на кандидатот, со која се систематизираат постојаните научни знаења и се придонесува за нивниот понатамошен развој.
- Насловот на магистерскиот труд не треба да содржи зборови со кратенки (освен латинските називи кои се пишуваат со кратенки) и наводници (за насловната страница на магистерскиот труд).
- Магистерскиот труд треба да биде напишан на македонски јазик (или на странски јазик, доколку е регулирано со закон или акт на Универзитетот), со исклучок на мерните единици од SI-системот, симболи, стручни термини и користената литература. Текстот се пишува во македонска поддршка со фонт Times New Roman или Arial, со големина на букви 12 во основен текст и проред 1,5. Латинските називи се пишуваат во Italic, а табелите (со текст над табелата), графиконите и сликите (со текст под графиконот или сликата) се нумерираат со арапски цифри.
- Магистерскиот труд треба да биде напишан на А4-формат, со маргини на страниците 2.5 cm горе и долу, 3.5 cm лево и 2.0 cm десно, со вертикално израмнет текст.
- Структурно магистерскиот труд треба да содржи:
    - **Насловна страна** со името и симболите на Универзитетот и Факултетот, наслов на магистерскиот труд, име и презиме на студентот, име и презиме на менторот, град, месец и година (***Анекс 4***).
    - Првата страна од магистерскиот труд е идентична како и насловната страна (не се нумерира).
    - Втората страница од магистерскиот труд (не се нумерира) содржи: **име и презиме на менторот, име и презиме на членовите на комисијата, научна област** (***Анекс 5***).
    - Третата страница од магистерскиот труд (не е задолжителна и не се нумерира) содржи **посвета или благодарност.**

- Четвртата страна содржи Изјава дека магистерскиот труд е самостоен труд на студентот (не се нумерира).
- Петтата страна содржи **Апстракт на македонски јазик** и клучни зборови (страната не се нумерира).
- Шестата страна содржи **Апстракт на англиски јазик** и клучни зборови (страната не се нумерира).
- Следи **Содржина** во која е даден преглед на сите поглавја по број на страни во трудот (страниците не се нумерираат).
    - Подточките во одделното поглавје треба да бидат нумерирани со еден вовлечен параграф, пример:

**5. РЕЗУЛТАТИ**

**5.1. Резултати од теренски испитувања**

**5.1.1. Локалитети**

**5.1.2. Појави**

**5.2. Резултати од лабораториски испитувања**

**5.2.1. Содржина на нитрати**

**5.2.2. Содржина на нитрити**

- По секое ново поглавје треба да се остави еден празен проред, а без проред меѓу насловот и текстот на поглавјето.

- Магистерскиот труд треба да ги содржи следните поглавја, нумерирани по редослед и по број на страници:

**1. ВОВЕД**

**2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА**

**3. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

**4.ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ ИЛИ МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА**

**4.1. Материјали**

**4.2. Мерења или постапка на работа**

**5. РЕЗУЛТАТИ**

**6. ДИСКУСИЈА**

**7. ЗАКЛУЧОЦИ**

**8. ИДНИ ПРАВЦИ**

**9. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

**10.ПРИЛОЗИ (доколку има прилози, екстра експерименти, слики, табели и сл. да се прикажат овде, а само репрезентативен дел од податоците одат напред во главниот дел на тезата.**

- Магистерскиот труд треба да биде јазично, стилски и технички правилно обликуван во согласност со современата методологија, техника и технологија за изработка на публикации.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНКА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

- Студентот се стекнува со право за поднесување барање за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд, по полагањето на предвидените испити и завршувањето на останатите обврски предвидени со студиската програма т.е. стекнување на предвидените кредит-часови предвидени со наставната програма на која е запишан. *(**Анекс 6**).*
- Барањето се поднесува до надлежниот референт во службата за студентски прашања, кој потоа го проследува до Комисијата за проверка на студентското досие.
- Со доставувањето на барањето за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд студентот потпишува Изјава за оригиналноста на текстот на магистерскиот труд, која се остава во неговото досие (***Анекс 7***).
- Комисијата за проверка на студентското досие ја сочинуваат: продеканот за настава, секретарот на Факултетот, раководителот на Наставничкиот совет на втор циклус студии и надлежниот референт за студентски прашања.

- Комисијата за проверка на студентското досие врши увид во досието и изготвува записник за неговата комплетност

  - Доколку студентското досие е комплетно, на студентот му се одобрува продолжување на постапката за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд. Во тој случај студентот доставува 3 (три) примероци од магистерскиот труд со барање за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд до Наставно-научниот совет на Факултетот.

  - Магистерскиот труд структурно треба да биде организиран согласно ова упатство. Треба да биде самостоен труд во којшто кандидатот ќе ја обработи одбраната тема со примена на научни и стручни методи, и ќе докаже дека ја совладал наставната програма и се стекнал со научни и стручни компетенции во согласност со целите на студиската програма. Резултатите на магистерскиот труд треба да претставуваат придонес во: систематизацијата на научни или стручни решенија во одредената област, решавањето на актуелната научна/стручна задача што е поставена како цел на трудот како и примена на постоечки научни/стручни достигнувања во решавањето на одредена комплексна задача.

  - Наставно-научниот совет на Факултетот, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на доставувањето на трудот, формира Комисија за оценка на магистерскиот труд.

  - Комисијата за оценка се состои од 3 (три) члена од научна област (соодветна или приближна) до онаа обалст на која припаѓа темата.

  - Комисијата за оценка на магистерскиот труд, доколку нема забелешки, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на поднесувањето на трудот треба да подготви извештај за оценка на магистерскиот труд. Доколку, истата има забелешки, тогаш во писмена форма, најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена ги доставува до кандидатот заради постапување по нив. Во овој случај Комисијата за оценка на магистерскиот труд е должна да достави Извештај за оценка на трудот (***Анекс 8***), најдоцна во рок од 180 (сто и осумдесет) дена од нејзиното формирање.

- По донесувањето на Извештајот на Комисијата за оценка на магистерскиот труд, Менторот го доставува магистерскиот труд во електронска форма до Министерството за образование за проверка дали истиот е плагијат. По добивање на известување од МОН, дека трудот не е плагијат, кандидатот треба да го лекторира трудот. Во прилог треба да биде дадена изјавата на лекторот дека текстот е лекториран со приложена лиценца за лектор заверена на нотар

Потоа Извештајот се доставува до ННС на усвојување.

- Извештајот од Комисијата за оценка на магистерскиот труд се доставува до Наставно-научниот совет на Факултетот и му се предлага да го усвои и да формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд, во состав од три члена од областа во која припаѓа темата од кои едниот е претседател.

- Извештајот од Комисијата за оценка на магистерскиот труд се доставува во електронска форма (по e-mail) до членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот, како дел од материјалот од дневниот ред на советот.

- Комисијата за одбрана го определува датумот за одбрана, кој треба да биде најдоцна во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на усвојувањето на Извештајот.

- Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната и е должен, во рок од 5 (пет) дена од приемот на известувањето, да достави 6 (шест) примероци од конечната верзија на трудот укоричен во тврд повез до архивата на Факултетот.

- Одбраната на трудот е јавна и се објавува на веб страната и на огласната табла на единицата на Универзитетот најмалку 7 (седум) дена пред одбраната на трудот.

- Одбраната ја отвора Претседателот на комисијата со воведен збор. На јавната одбрана членот на Комисијата ја чита постапката за пријавување, изработка и одбрана на магистерскиот труд и кратката биографија на

кандидатот. Менторот чита краток извод од Извештајот на Комисијата за оценка на трудот

- Претседателот на Комисијата го повикува кандидатот да го презентира трудот (не подолго од 30 минути).
- По презентацијата и изнесените мислења за трудот, членовите на Комисијата му поставуваат прашања на кандидатот. Покрај членовите на Комисијата, прашања во врска со трудот можат да постават и други лица присутни на одбраната во писмена форма до Претседателот на комисијата.

  - Оценувањето се врши со две описни оценки: „го одбранил“ или „не го одбранил“ магистерскиот труд.
  - За време на одбраната од страна на претседателот на Комисијата се води записник, а по завршувањето на одбраната, Комисијата го потпишува записникот за одбрана и јавно ја соопштува оценката на магистерскиот труд.
  - Студентот може да магистрира на Технолошко-техничкиот факултет Велес, единица во состав на УКЛО – Битола, доколку ги положи сите предвидени испити, и ги освои потребните кредити предвидени според наставната програма.
  - Студентот треба да го брани магистерскиот труд најдоцна во рок од 4 (четири) години од денот на одобрувањето на темата. По барање на студентот, во оправдани случаи (подолготрајна болест, бременост и породување, отсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и други оправдани причини), на предлог на Наставничкиот совет за втор циклус Наставно-научниот совет на факултетот може да одобри продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд за времетраење додека траеле причините за спреченост за работа врз трудот, но најмногу за време од една година.
  - Датумот на одбрана на магистерскиот труд е датумот на магистрирање.
  - Записникот од одбраната со оригиналните примероци на магистерскиот труд се доставуваат до архивата на Факултетот.

## V. ТЕХНИЧКИ ПРАВИЛА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРИЈАВА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД И НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

Списокот на користена литература се составува според хронолошкиот ред на објавување т.е според појавување во текстот. На крај во користена литература редоследно ќе се наведат.

При цитирање на литературата во поглавјето **литература** да се следат препораките за форматот на библиографските референци според инструкциите наменети за авторите како да подготват научен труд објавени од познатата Ванкувер група (*Vancouver Group*) која подоцна прерасна во Интернационален Комитет за едитори на медицински часописи. Петтата едиција е објавена во 1997 година под наслов: Униформни побарувања за доставување на трудови во биомединцинските часописи *("Uniform Requirements for Manuscripts Submitted to Biomedical Journals", Ann Intern Med.* 1997;126:36-47).

**Книги и други монографии:**

**Автори**: презиме, иницијал од името на авторите, наслов на трудот, издание, место, издавач, година на издавање.

Ringsven MK, Bond D. Gerontology and leadership skills for nurses. 2nd ed. Albany (NY): Del-mar Publishers; 1996.

**Едитори како автори:** презиме, иницијал од името на авторите како едитори, наслов на трудот, издание, место, издавач, година на издавање.

Norman IJ, Redfern SJ, editors. Mental health care for elderly people. New York: Churchill Livingstone; 1996.

**Организација како автор и издавач:**

Institute of Medicine (US). Looking at the future of the Medicaid program. Washington: The Institute; 1992.

**Поглавје од книга:**

Phillips SJ, Whisnant JP. Hypertension and stroke. In: Laragh JH, Brenner BM, editors. Hypertension: pathophysiology, diagnosis, and management. 2nd ed. New York: Raven Press; 1995. p. 465-78.

**Научен или технички извештај:**

Issued by funding/sponsoring agency: Smith P, Golladay K. Payment for durable medical equipment billed during skilled nursing facility stays. Final report. Dallas (TX): Dept. of Health and Human Services (US), Office of Evaluation and Inspections; 1994 Oct. Report No.: HHSI-GOEI69200860.

Issued by performing agency: Field MJ, Tranquada RE, Feasley JC, editors. Health services research: work force and educational issues. Washington: National Academy Press; 1995. Contract No.: AHCPR282942008. Sponsored by the Agency for Health Care Policy and Research.

**Труд во научно списанија:**

Vega KJ, Pina I, Krevsky B. Heart transplantation is associated with an increased risk for pancreato-biliary disease. Ann Intern Med 1996;124:980-3.

**Труд во научно списанија со повеќе од шест автори:**

Parkin DM, Clayton D, Black RJ, Masuyer E, Friedl HP, Ivanov E, et al. Childhood leukaemia in Europe after Chernobyl: 5 year follow-up. Br J Cancer 1996;73:1006-12.

**Организација како автор:**

The Cardiac Society of Australia and New Zealand. Clinical exercise stress testing. Safety and performance guidelines. Med J Aust 1996;164:282-4.

**Труд без прикажан автор:**

Cancer in South Africa [editorial]. S Afr Med J 1994;84:15.

**Труд во часопис со волумен и суплемент:**

Shen HM, Zhang QF. Risk assessment of nickel carcinogenicity and occupational lung cancer. Environ Health Perspect 1994;102 Suppl 1:275-82.

**Пагинација со римски бројки:**

Fisher GA, Sikic BI. Drug resistance in clinical oncology and hematology. Introduction. Hematol Oncol Clin North Am 1995 Apr;9(2):xi-xii.

**Труд во зборник од научна конференција или научен собир:**

Kimura J, Shibasaki H, editors. Recent advances in clinical neurophysiology. Proceedings of the 10th International Congress of EMG and Clinical Neurophysiology; 1995 Oct 15-19; Kyoto, Japan. Amsterdam: Elsevier; 1996.

**Дисертација**

Kaplan SJ. Post-hospital home health care: the elderly's access and utilization [dissertation]. St. Louis (MO): Washington Univ.; 1995.

**Патент:**

Larsen CE, Trip R, Johnson CR, inventors; No-voste Corporation, assignee. Methods for procedures related to the electrophysiology of the heart. US patent 5,529,067. 1995 Jun 25.

**Друг печатен материјал:**

**Труд во дневен печат**

Lee G. Hospitalizations tied to ozone pollution: study estimates 50,000 admissions annually. The Washington Post 1996 Jun 21;Sect. A:3 (col. 5).

**Аудиовизуелен материјал:**

HIV+/AIDS: the facts and the future [videocas-sette]. St. Louis (MO): Mosby-Year Book; 1995.

**Јавни закони:**

Preventive Health Amendments of 1993, Pub. L. No. 103-183, 107 Stat. 2226 (Dec. 14, 1993).

**Мапа:**

North Carolina. Tuberculosis rates per 100,000 population, 1990 [demographic map]. Raleigh: North Carolina Dept. of Environment, Health, and Natural Resources, Div. of Epidemiology; 1991.

**Речник или слични референци:**

Stedman's medical dictionary. 26th ed. Baltimore: Williams & Wilkins; 1995. Apraxia; p. 119-20.

**Не печатен материјал:**

Leshner AI. Molecular mechanisms of cocaine addiction. N Engl J Med. In press 1996.

**Труд во часопис во електронска форма:**

Morse SS. Factors in the emergence of infectious diseases. Emerg Infect Dis [serial online] 1995 Jan-Mar [cited 1996 Jun 5];1(1):[24 screens]. Available from: URL: http://www.cdc.gov/ncidod/ EID/eid.htm

**Монографија во електронска форма:**

CDI, clinical dermatology illustrated [monograph on CD-ROM]. Reeves JRT, Maibach H. CMEA Multimedia Group, producers. 2nd ed. Version 2.0. San Diego: CMEA; 1995.

**Компјутерски програм:**

Hemodynamics III: the ups and downs of hemodynamics [computer program]. Version 2.2. Orlando (FL): Computerized Educational Systems; 1993.

**Веб-страница:**

Статистички завод на Република Македонија, *Статистички годишници на Република Македонија*. http://www.stat.gov.mk, (2009).

Цитатите можат да бидат **дел од текстот на пријавата** за изработка на магистерски труд (во воведниот дел од образложението за научната и стручната оправданост на темата) и **дел од текстот на магистерскиот труд**, при што доколку авторот е на средината или на крајот од цитатот, тогаш во заграда на крајот на цитатот се става референцата под кој број е заведена во литературниот преглед, на пример:**(Dumas et al., 2006),** додека при цитирање на текст каде што авторот е наведен на почетокот од текстот, тогаш авторот се става надвор од заграда, а во заградата се внесува само годината на издавање или бројот на референцата под која е заведен тој автор или дело, пример **Според Cornell (1998).** Цитирање на текст со слични резултати од повеќе автори се врши по хронолошки редослед оди со референци и број, на пример: [1,2, 6, 9, 12-15]

При цитирање на текстовите и резултатите од домашни или меѓународни документи (договори, препораки, закони и др.) се наведува оригиналниот назив на документот и во заграда се става референцата од литературниот преглед.

***Табели, графикони, слики, картограми и други илустрации***

Табелите, графиконите, сликите, картограмите и другите илустрации се обележуваат последователно со арапски бројки и треба да имаат наслов во кој е објаснета нивната содржина. Насловот на табелата оди над самата табела, а за слика, графикон доага под нив. Табелите, графиконите и другите илустрации доколку не содржат оригинални резултати од истражувањето на магистерскиот труд, треба да биде наведен изворот на податоците или да се стави број на референцата од каде е превземен податокот (Види примери: табела, графикон, слика).

**Табела 1**. Метеоролошки податоци во периодот на испитување

| Година Year | Месеци / Mounts | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| Средномесечни температури во °C / Average mounts temperature in °C | | | | | | |
| 2006 | 8,2 | 13,5 | 18,1 | 23,1 | 23,7 | 24,1 |
| 2007 | 9,8 | 13,8 | 19,8 | 24,2 | 27,6 | 24,7 |
| Сума на врнежи во милиметри / Rainfall sum in millimeters | | | | | | |
| 2006 | 75,0 | 31,8 | 34,0 | 106,9 | 26,7 | 19,9 |
| 2007 | 39,7 | 2,2 | 107,5 | 45,6 | 0,3 | 73,9 |

**Графикон 1.** Промени во годишните нето девизни трансфери во Република Македонија по основ на емиграцијата






**Слика 1** Организациона структура на “Железник” АД Демир Хисар (Прирачник за квалитет со организационен преглед на “ЖЕЛЕЗНИК” АД Демир Хисар, *2002* или наместо вакво цитирање може едноставно и број на референцата, во квадраста заграда редоследно бројот на референца од каде што е земена шемата).

## VI. Дисциплинска одговорност за плагијаторство

Пренесувањето туѓ текст, туѓ магистерски труд, односно пренесувањето авторско дело во каква било форма во сопствено име - плагијаторство, како и други форми на неовластеното користење туѓо авторско дело претставуваат тешка дисциплинска повреда.

Во зависност од тежината на повредата, како и во зависност од постоењето на други олеснителни или отежнувачки околности, за утврдена дисциплинска повреда од претходниот став на кандидатот може да му биде изречена дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и забрана за изработка и одбрана на магистерскиот труд што е плагијат.

Секој студент со поднесување на пријавата поднесува и изјава дека магистерскиот труд не претставува, односно нема да претставува плагијаторство.

Измени и дополнување на ова Упатство се вршат според постапка која што е иста со постапката за неговото донесување.

Упатството влегува во сила со денот на донесувањето

Упатството за пријавување и изработка на магистерскиот труд треба да им се дава на студентите, при земање формулар за пријавување на магистерскиот труд, од службата за студентски прашања на Факултетот.

## Анекс 1 – Образец за пријавување на магистерскиот труд

До
Наставничкиот совет на втор циклус студии
на Технолошко-технички факултет Велес

**ПРЕДМЕТ:** Пријава за изработка на магистерски труд

Поднесена од (име и презиме)________________________________________,
година и место на раѓање_____________________________________________,
професија_________________________________________________________,
кога и на кој факултет дипломирал_______________________________________.
Студент на втор циклус студии, на студиската програма__________________________
_________________________________________________________________________,
со број на досие _______, адреса на живеење: ______________________________
_______________________________, телефон:_________________________________
и e-mail адреса______________________.

Почитувани,

Врз основа на член 57 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, поднесувам пријава за изработка на магистерски труд на тема:
_________________________________________________________________________
_________________________________________________________________________
_________________________________________________________________________

Во прилог на пријавата доставувам:
1.Биографски податоци
2. Наслов на магистерската тема
3. Образложение за научната и стручна оправданост на темата со цели на истражување
4. План за работа
4.1. Материјал и методи на истражување
4.2. Очекувани резултати
5. Преглед на литература од која се гледа оправданост и актуелност на темата
6. Извори на финансирање на темата.

Пријавата за изработка на магистерскиот труд е изработена во консултации со наставникот ________________________________________________

__________година
Велес

ПОДНОСИТЕЛ

______________________________
Име и презиме на студентот

**Анекс 2 – Извештај за подобност на кандидатот и темата за изработка на на магистерскиот труд**

До
Наставничкиот совет на втор циклус студии
на Технолошко-технички факултет Велес

**ПРЕДМЕТ:** Извештај за подобност на кандидатот ______________________________ и темата за изработка на магистерски труд

Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет Велес на седницата одржана на ____________ година со одлука број ______, формира Комисија за подобност на кандидатот _________________________________, студент на втор циклус на студии на студиската програма ____________________________, со досие број ___________ и пријавената тема за изработка на магистерски труд под наслов: _________________________________________________________________, во состав:

1.________________________________
2.________________________________
3.________________________________

Од доставениот материјал, Комисијата констатира дека согласно член 57 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, кандидатот со пријавата за изработка на магистерски труд поднесе:

1.Биографски податоци со публикации (наслов на трудот, година и каде е објавен).
2. Наслов на магистерската тема
3. Образложение за научната и стручна оправданост на темата со цели на истражување
4. План за работа
    4.1. Материјал и методи на истражување
    4.2. Очекувани резултати
5. Преглед на литература од која се гледа оправданост и актуелност на темата
6. Извори на финансирање на темата.

По деталниот преглед на пријавата и прилозите, а во согласност со Законот за Високо образование (Службен весник на Р.М, бр.35/2008) и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Комисијата до наставничкиот совет на втор циклус го поднесува следниот

# ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци
2. Подобност на темата

   (краток приказ и оценка на одделните делови од пријавата за изработка на магистерскиот труд – не подолго од три страници)

3. Заклучок и предлог

**Комисија за подобност**

1.________________________________

2.________________________________

3.________________________________

## Анекс 3 – Барање за определување ментор за изработка на магистерски труд

До
Наставничкиот совет на втор циклус студии
на Технолошко-технички факултет Велес

**ПРЕДМЕТ:** Барање за определување ментор за изработка на магистерскиот труд

Поднесено од: име и презиме ________________________________________________
_____ студент на втор циклус студии, на студиска програма ______________________
______________________________________________, со број на досие _____________
адреса на живеење: ___________________________________________________________
_____________________________, телефон:_____________________________________
и e-mail адреса__________________________.

Согласно член 60 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, молам за ментор на магистерскиот труд со наслов
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

да биде определен наставникот _____________________________________________

__________година
Велес

ПОДНОСИТЕЛ

______________________________
Име и презиме на студентот

**Анекс 4 – Насловна страна**

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" –БИТОЛА**

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС**

**НАСЛОВ НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД**

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ментор

Име и презиме

Изработил

Име и презиме (на кандидатот)

Велес,месец 20___

## Анекс 5: Комисија за одбрана на магистерски труд

**МЕНТОР:** **Д-р** ________________________,

______________________________________

(наставно – научно звање, институција)
пр: редовен професор на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св. Климент Охридски” во Битола

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:**

**Д-р ______________________________,**

______________________________________

(наставно – научно звање, институција)
пр: редовен професор на Технолошко-технички факултет Велес, Универзитет „Св. Климент Охридски” во Битола

**Д-р_______________________________,**

______________________________________

(наставно – научно звање, институција)

пр: редовен професор на Технолошко-технички факултет Велес,Универзитет „Св. Климент Охридски” во Битола

**НАУЧНА ОБЛАСТ**:________________________________

**Анекс 6 – Барање за формирање на Комисија за оценка на магистерски труд**

До
Наставничкиот совет на втор циклус студии
на Технолошко-технички факултет Велес

**ПРЕДМЕТ:** Барање за формирање на Комисија за оценка на магистерски труд

Поднесено од: име и презиме _________________________________________ - студент на втор циклус студии, на студиската програма ______________________ ___________________________, со број на досие ________________ адреса на живеење: _______________________________ ___________________________ __________________________, телефон:________________________________ и e-mail адреса_______________________.

Согласно член 65 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, молам за да ми се формира Комисија за оценка на магистерски труд со наслов:

_________________________________________________________________

__________ година
Велес

ПОДНОСИТЕЛ

_____________________________
Име и презиме на студентот

**Анекс 7: ИЗЈАВА**

## И З Ј А В А

Јас, ________________________________, студент на втор циклус студии, на студиската програма _________________________________________________, со број на досие __________________,изјавувам дека поднесениот магистерски труд под наслов:
"_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________"
е мој самостоен труд кој е резултат на самостојна научна работа.

Во согласност со претходното изјавувам дека ги прифаќам сите права, обврски и одговорности кои произлегуваат од актите кои ги регулираат прашањата на авторските и сродни права.

_____________ година
Велес

ПОДНОСИТЕЛ НА ИЗЈАВА

__________________________________

### Анекс 8: Извештај за оценка на магистерски труд

До
Наставничкиот совет на втор циклус студии
на Технолошко-технички факултет Велес

Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет Велес, при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, на седницата одржана на ден___________година, со одлука бр. _____________ ,формира Комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот ________________________, под наслов______________________________________, во состав:

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________

Комисијата, во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот магистерски труд и согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет Велес му го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

**1. Кратка биографија за кандидатот**

- датум и место на раѓање,
- податоци за процесот на образованието и постигнатиот просечен успех,
- податоци за практично или работно искуство,
- познавање странски јазик(ци),
- податоци за објавени трудови.

**2. Образложение на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд, под наслов „___________________________________________" од кандидатот _____________________________,содржи ________ страници компјутерски изработен текст, систематизиран во _________________ оддели/глави/, со вкупно цитирани_____библиографски единици.

(краток приказ и оценка на одделните делови од магистерскиот труд – не подолго од три страници)

**3. Заклучок и оценка на трудот**

- оценка на магистерскиот труд што треба да биде резултат на самостојна работа на кандидатот со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивен натамошен развој;
- оценка на придонесот на магистерскиот труд.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА**

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________